**Стипендиите се наменети за македонските граѓани, за академската 2015/2016 година, а ги обезбедува Министерството за образование и наука на Република Македонија.**



Во тек е конкурс за доделување две стипендии за студии од прв циклус и три за студии од втор циклус од областа на филмската уметност, која е од посебно научно, образовно значење за Република Македонија, на Film Academy of Performing Art (FAMU) во Прага, Република Чешка.

Министерството за образование соопшти дека подетални информации за условите, критериумите, потребните документи и пропишаните обрасци за аплицирање, заинтересираните кандидати можат да ги обезбедат на специјализираниот интернет портал за доделување стипендии на www.stipendii.mon.gov.mk .

Крајниот рок за доставување на документите до Министерството, на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје, е 20 август 2015 година, додека ранг листата со избраните кандидати ќе биде објавена на 1 септември, на веб страницата www.mon.gov.mk .